ОКТА МАКПЕТРОЛ

ОКТА Рафинерија на нафта
Акционерско друштво
Бр. 01-2222/18
26.07.2018 год.
Скопје 1

Скопје, 26.07.2018

"МАКПЕТРОЛ"
Акционерско друштво за промет
со нафта и нафтени деривати
Бр. 0302-4521/1
27.07.2018 год.
СКОПЈЕ 3

Почитувани,

Предложените измени и дополнувања на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати главно се фокусираат на обезбедување нова законска основа за размена или продажба на задолжителни резерви на одредени видови и количества нафтени деривати заради нивно обновување кое не е направено од 2015 година. Од 2015 година, одредени количества Еуросупер БС 95 и Екстра лесно масло за горење ЕЛ-1 остануваат без надзор од трговско друштво-складиштар, односно не се вклучени во ниту еден договор за складирање, чување и обновување што Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати ги има склучено со трговски друштва-складиштари, за остатокот од задолжителните резерви на нафтени деривати, што во моментов се достапни во земјата.

Предложените измени на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои воведуваат размена или продажба на задолжителните резерви на одделни видови и количества нафтени деривати заради нивно обновување, се дефинирани, спротивно на главниот принцип на задолжителните резерви на нафтени деривати, односно како што е пропишано во неговите општи одредби (член 1 и 2), а каде стои дека задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати се формираат, до достигнување на покриеност на остварена просечна дневна потрошувачка на тој нафтен дериват за период од 90 дена, со цел да се обезбедат услови за интервентно снабдување на пазарот со нафта и нафтени деривати, во случај на нарушување на енергетската сигурност на државата, предизвикана од нарушувања во снабдувањето со нафта и нафтени деривати од поголеми размери.

Со предлагање на овие измени на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати се обидува да најде решение на проблем кој произлезе како последица на неколку одлагања на примената и спроведувањето на Законот за задолжителни нафтени резерви и отсуство на соодветно регулирање и имплементација на прифатлив надоместок за чување, складирање, обновување и евапорација на задолжителните резерви, со трговските друштва-складиштари на задолжителните резерви на нафтени деривати. Неспорен факт е тоа што трговските друштва-складиштари на задолжителни резерви на нафтени деривати не можат повеќе да ги сносат трошоците поврзани со чувањето, складирањето, обновувањето и евапорацијата на задолжителните резерви на нафтени деривати кои сериозно влијаат врз нивната профитабилност. Оваа ситуација ги принудува трговските друштва-складиштари повеќе да не учествуваат во било која нова најава на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за купување нови количества нафтени деривати поради што веќе стана невозможно, во најблиска иднина, да се оствари потребната покриеност од 90 дена со задолжителни резерви на нафтени деривати.

Земајќи ги предвид овие забелешки, ќе ја искористиме оваа можност да ги доставиме следните коментари за предложените измени на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати:

Во точката 1.2 од Извештајот за проценка на влијанието на регулативата се наведува дека, цитираме ,,Дирекцијата беше принудена да ја преземе целокупната грижа за чување, и одржување и обновување на горенаведените деривати" и поради тоа, како единствено решение за обезбедување на обновувањето на одредени количества на определени видови нафтени деривати за кои во моментов не се грижи ниту еден складиштар, е предвидено, во предложените измени на Законот, опцијата за размена или продажба на таквите количества, на посебен начин, преку усно јавно наддавање или со непосредна спогодба со непосреден купувач, избран со Одлука на Владата на Република Македонија.

Главната цел и задача на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати е да ги формира задолжителните резерви на нафтени деривати и да осигура дека нивното чување, складирање, обновување и евапорација ќе го вршат складиштари врз основа на регулиран и имплементиран договорен надоместок за овие активности. Во таа насока, како што е наведено во членот 7-а став (2) во Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, цитираме ,,За чување и обновување на задолжителните резерви директорот на Дирекцијата склучува договор со трговските друштва-складиштари". Понатаму, како што е наведено во членот 11 став (2) алинеа 9 во истиот закон, Дирекцијата врши, цитираме, ,,предлагање начин за утврдување, пресметување и плаќање на трошоците во врска со складирањето, чувањето и одржувањето на задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати".

Овие одредби од важечкиот Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати ги дефинираат основните активности, цели и задачи на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати и обезбедуваат насока за решавање на постоечкиот проблем за количествата на определени нафтени деривати, наведени погоре, што треба да се обноват.

Сепак, тие не се земени во предвид и наместо нивна примена, со предложените измени на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати (во врска со членот 7-а, став (3), целосна промена на членот 9, воведување на нови членовите 9-б, 9-в, 9- г, 9-д, 9-ѓ, 9-е, 9-ж, 9-з и 9-ѕ) се воведува алтернативен начин за обновување на задолжителните резерви на нафтени деривати (преку посебен модел на продажба по пат на усно јавно наддавање кој ако резултира во две неуспешни постапки се заменува со спорен модел на непосредна спогодба со непосреден купувач), кој, доколку биде имплементиран, ќе создаде несакани ефекти меѓу кои:

- нарушување на интегритетот на задолжителните резерви на нафтени деривати,
- нарушување и нерамнотежа на домашниот пазар (понуда-побарувачка) со ослободување определени количества одредени видови нафтени деривати,
- продажба на вредни средства на земјата според нејасен модел на продажба кој воведува непосредна спогодба со купувач, по Одлука на Владата на РМ, со нејасни правила.

Со предложената промена во членот 7-а, во ставот (3) е превидено да стои, цитираме: ,,На предлог на Директорот на Дирекцијата, Владата на Република Македонија ја пропишува висината на надоместокот за складирање, чување, обновување и евапорација на нафта и нафтени деривати од задолжителните резерви".

Потоа, со предложената промена во членот 14 алинејата 13 е предвидено дека, Директорот на Дирекцијата, цитираме ,,ја предлага висината на надоместокот за чување, складирање, обновување и евапорација на нафта и нафтените деривати од задолжителните резерви ".

Конечно, со предложената промена во членот 18 алинејата 14 е превидено дека Управниот Одбор на Дирекцијата, цитираме "ѝ ја предлага на Владата на РМ висината на надоместокот за чување, складирање, обновување и евапорација на задолжителните резерви,"

Според предложените измени во членот 7-а во ставот (3), во членот 14 алинеја 13 и членот 18 алинеја 14:

Прво, не е јасно кој треба да ја предложи на Владата на РМ висината на надоместокот за чување, складирање, обновување и евапорација на задолжителните резерви. Одредбите во членот 7-а во ставот (3) и во членот 14 алинеја 13 ни укажуваат дека тоа е во надлежност на и е работа која ја врши Директорот на Дирекцијата што е во спротивност со одредбата на членот 18 алинеја 14 каде е наведено дека таа работа ја врши Управниот одбор на Дирекцијата.

Второ, висината на износот на надоместокот за чување, складирање, обновување и евапорација на задолжителните резерви на нафтени деривати треба да се определи и да се договори заедно со складиштарите, поддржано со соодветна Методологија за негово пресметување, дефинирана на годишно ниво. Со Методологијата истовремено мора да се даде јасна дефиниција, како за начинот на утврдувањето, пресметувањето, висината и уплатувањето на надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќа при увоз и/или производство на нафтени деривати така и за начинот на утврдувањето, пресметувањето и висината на надоместокот за чување, складирање, обновување и евапорација на нафта и нафтени деривати од задолжителните резерви кој Дирекцијата треба да го плаќа на трговските друштва-складиштари, што треба да биде претходно договорено со складиштарите. Ова значи дека постојниот подзаконски акт со кој се уредува користење на 30% од задолжителните резерви по дериват што е утврдено како надомест на трговските друштва за трошоците за складирање, чување и обновување на задолжителните резерви, мора да се стави вон сила и да се замени, со нова Уредба во која ќе биде содржана Методологијата со која ќе биде определен начинот на утврдувањето, пресметувањето и висината на надоместокот за чување, складирање, обновување и евапорација на нафта и нафтени деривати од задолжителните резерви за која ќе биде претходно постигната согласност помеѓу Дирекцијата и трговските друштва-складиштари. Во овој случај, Управниот одбор на Дирекцијата, како што е дефинирано во членот 18 алинеја 8 и алинеја 14, по постигнување на взаемна согласност со трговските друштва-складиштари, треба да и ја предложи на Владата на РМ, договорената Методологија со која ќе биде дефиниран, покрај начинот на утврдувањето, пресметувањето, висината и уплатувањето на надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќа при увоз и/или производство на нафтени деривати и начинот на утврдувањето, пресметувањето и висината на надоместокот за чување, складирање, обновување и евапорација на нафта и нафтени деривати од задолжителните резерви кој Дирекцијата треба да го плаќа на трговските друштва-складиштари.

Меѓу преостанатите предложени измени на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои се направени заради усогласување на овој закон со новиот Закон за енергетика (Службен Весник на РМ бр. 96/18), со предложената промена на членот 7, став (2), алинеја 3, се брише постојниот услов за минимален волумен на складиштата по нафтен дериват и се заменува со општа дефиниција, цитираме ,,минималниот волумен на складиштата од ставот (1) алинеја 1 на овој член треба да биде во согласност со важечките прописи за минимално-техничките услови за објекти за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива или горива за транспорт".

Прописите за минимално- техничките услови за објекти за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива или горива за транспорт сè уште не се донесени, бидејќи во членот 236 став (2) точка 3) од новиот Закон за енергетика се определува дека Правилник за условите на објектите за складирање на сурова нафта нафтени деривати, биогорива или горива за транспорт со условите за евидентирање на количините и потребниот капацитет на тие објекти ќе се донесе во рок од 90 дена по стапување на Законот за енергетика во сила.

До донесувањето на таквиот Правилник кој ќе го дефинира потребниот капацитет на складиштето и условите за евиденција на количините, предложената промена на членот 7, став (2), алинеја 3, е предвремена и ирелевантна во овој момент.

Уште еднаш, би сакале да истакнеме дека предложените измени на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати не се единственото решение што ќе обезбеди обновување на кој било вид и количество нафтени деривати од задолжителните резерви.

Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати мора да се фокусира на формирањето на задолжителните резерви на нафтени деривати кое ќе биде засновано на претходно обезбедено складирање, чување и обновување кај трговските друштва-складиштари врз основа на соодветна согласност за Методологија со која ќе биде регулиран начинот на утврдувањето, пресметувањето и висината на надоместокот за чување, складирање, обновување и евапорација на нафта и нафтени деривати од задолжителните резерви кој Дирекцијата треба да го плаќа на трговските друштва-складиштари, постигната и договорена со трговските друштва-складиштари на задолжителните резерви на нафтени деривати.

Со Почит,

| | |
|---|---|
| За ОКТА АД-Скопје | За МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ |
| Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво | Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати "МАКПЕТРОЛ" СКОПЈЕ |
| Иоаннис Героуланос | Андреја Јосифовски |
| Главен извршен директор | Претседател на Управен одбор |